**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 10, став 7 од Законот за автокампови („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10.9.2013 година, донесе

# УРЕДБА
# ЗА МИНИМАЛНИТЕ ТЕХНИЧКИ СТАНДАРДИ И УСЛОВИ ВО ПОГЛЕД НА ОПРЕМАТА (ХАРДВЕРОТ), КАКО И ФУНКЦИОНАЛНОСТА НА СОФТВЕРОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

## Член 1

Со оваа уредба се пропишуваат техничките стандарди и услови во поглед на опремата (хардверот), како и функционалноста на софтверот за електронското јавно наддавање.

## Член 2

Софтверот за електронското јавно наддавање кој функционира како централна веб апликација, која ќе се води при Заедницата на единиците на локалната самоуправа, потребно е да ги исполнува следните минимални технички стандарди и услови:

- Најмалку два сервери со минимални карактеристики,
- Четири јадрен процесор со 2 GHz брзина на процесор,
- Четири GB RAM меморија,
- Два хард диска од по 120 GB (2x120 GB) поврзани во RAID технологија,
- Мрежен контролер,
- Оптички уред CD/DVD RW,
- Графичка карта со VGA излез,
- Влезно излезни единици: тастатура, маус, монитор,
- Еден уред за непрекинато напојување со електрична енергија UPS (Unlimited - Power Supply) 750 Watt,
- Мрежен уред за поврзување на целиот систем,
- Оперативен систем кој обезбедува работна платформа за функционирање на софтверот за електронско јавно наддавање,
- Централизирано безбедносно решение со антивирус кое обезбедува сигурност на целиот систем на упади, вируси и ја гарантира сигурноста на целиот систем;
- Интернет апликациски сервер кој ги обезбедува сите функции во позадина, а кои се потребни да функционира софтверот за електронското јавно наддавање;
- База на податоци за нормално функционирање на софтверот за електронско јавно наддавање каде што ќе се складираат податоците и ќе се чуваат безбедни,
- Backup решение за базите со податоци и
- Изнајмена симетрична интернет линија со загарантирана брзина од 2 Mbit/s брзина на симнување (download) и 2 Mbit/s (upload) и загарантирана достапност до интернет од 99,99% од времето.

**Член 3**

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањсто во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 41-6040/1 | Заменик на претседателот |
| 10 септември 2013 година | на Владата на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | м-р **Владимир Пешевски** , с.р. |